Документ за јавна политика

„Добро управување на локално ниво – подобрување на граѓанското учество“



Документ за јавна политика

„Добро управување на локално ниво - подобрување на граѓанското учество“

Ментор:
Ненад Марковиќ

Автори:
Ема Спасовска
Мила Гичева
Никола Илиев
Симон Јаковлев Писин

ВОВЕД

Граѓанското учество и доброто управување на локално ниво претставуваат едни од конститутивните елементи на демократското владеење. Тие овозможуваат поголемо учество на граѓаните во процесот на донесување на одлуки на локално, но и на централно ниво. Граѓанското учество е од суштинско значење за транспарентноста на единиците на локалната самоуправа како и за зголемување на одговорноста на локално избраните функционери. Клучните цели кон кои стреми ангажирањето на граѓаните во заедницата се зголемувањето на довербата и соработката со локалните функционери, со што заемно ќе работат на остварување на јавниот интерес, подобрување на квалитетот на живот и зголемување на транспарентноста. Уставот од 1991 година и Законот за локална самоуправа (2002) на Република Северна Македонија (РСМ) ја обликуваат правната рамка преку која се уредуваат модалитетите на граѓанското учество. Предвидените модалитети на граѓанско учество на локално ниво се: **граѓанската иницијатива** (чл.26), **собирот на граѓани** (чл.27), **референдумот** (чл.28), **претставките и предлозите** (чл.29) и **јавните трибини, анкети и предлози** (чл.30).

Граѓанската иницијатива овозможува поднесување предлог од страна на граѓаните до советот за донесување одреден акт или решавање прашање во негова надлежност. Граѓанската иницијатива не може да се доставува за прашања од областа на кадровските одлуки и финансиите. Советот е должен да расправа по иницијативата доколку е поддржана од најмалку 10% од избирачите на општината односно месната заедница. Советот е должен да расправа по иницијативата во рок од 90 дена од нејзиното поднесување, како и да ги информира граѓаните за донесената одлука.

Собир на граѓани е форма на директно учество преку која граѓаните разговараат и предлагаат решенија за прашања од значење за општината. Може да го свика градоначалникот, Советот или најмалку 10% од граѓаните, а заклучоците се разгледуваат од општинските органи во рок од 90 дена.

Референдум - граѓаните имаат право преку референдум да одлучуваат за прашања што се од значење за општината. Доколку најмалку 20% од избирачите побараат референдум, Советот е должен да го распише. Советот може и самостојно да иницира референдум за прашања од своја надлежност. Одлуката што ќе биде донесена на референдум е обврзувачка и Советот мора да ја почитува.

Претставки и предлози - секој граѓанин има право да поднесува претставки и предлози до органите на општината, самостојно или заедно со други граѓани. Градоначалникот е должен да обезбеди услови за нивно поднесување и во рок од 60 дена да достави образложен одговор. Ако претставката или предлогот не се однесуваат на надлежностите на општината, тие треба да бидат препратени до надлежниот орган, а подносителот да биде известен за тоа.

Јавни трибини, анкети и предлози - при подготовката на општинските прописи, Советот или градоначалникот можат да организираат јавни трибини, да спроведат анкети или да побараат предлози од граѓаните. На овој начин се овозможува граѓаните да го изразат своето мислење и да учествуваат во процесот на донесување одлуки на локално ниво.

Овие модалитети на граѓанско учество на локално ниво произлегуваат од потребата демократијата да ги надмине строгите процедурални и формални елементи и да овозможи јавна расправа

(делиберација) за прашања од локален карактер кои ја засегаат локалната средина. Делиберативната демократија овозможува релативно рамномерно учество на сите граѓани на локално ниво, овозможува информирано носење на одлуки од страна на носителите на политичките функции на локално ниво а делиберацијата за работите од јавен карактер, по правило, треба да му претходи на носењето одлуки на политичко ниво.

ДЕЛИБЕРАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО

Делиберативната демократија подразбира демократија во којашто граѓаните активно учествуваат во процесот на носење одлуки преку дискусија и заедничко разгледување на прашањата од јавен интерес (Kapidžić, Lazarević и Milović, 2025) Тоа не ги ограничува граѓаните само на гласање преку избори, туку дозволува нивно вклучување преку наведените механизми. Делиберативните процеси ги зајакнуваат демократските институции и репрезентативноста преку директно партиципирање на граѓаните во креирањето политики и решенија (види Табела 1). Споредбено со класичните методи на учество, делиберативната демократија како граѓанските собранија создаваат простор за мулти перспектива, информиран и инклузивен дијалог помеѓу различни членови на општеството. Делиберативните процеси се исклучително ефикасни во состојба на отсуство на доверба во институциите, како и долгорочни политички предизвици и кризи.

Делиберативната демократија на локално ниво опфаќа учество на граѓаните од општините, градовите и месните заедници. Таа овозможува граѓаните да не бидат само во улога на избирачи туку и активни субјекти во процесот на одлучување при што се зајакнува довербата како и локалните капацитети. Може да учествуваат помал број граѓани кои се организирани во **собири, локални форуми, граѓански панели, граѓански собранија, делиберативни анкети, онлајн иницијативи и платформи**. Ваквиот начин дава полесна и поголема вклученост на различните локални групи преку неформални дискусии со цел директно влијание и поголем удел врз одлуките на општината. Со ова се добива поголема ефикасност, вклученост и прагматичност при решавање на проблемите од нивниот интерес.

ПРЕДИЗВИЦИ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО РСМ

Проблемот со граѓанското учество во РСМ е резултат на различни институционални и општествени фактори. Новата организација на власта по напуштањето на социјализмот, недостатокот на транспарентност, намалената доверба во институциите, ограниченият пристап до информации, притисоците врз медиумите и граѓанското организирање, како и слабата граѓанска култура, имаат значително влијание врз граѓанското учество. Слабата запознаеност со демократските процеси, чувството на апатичност и мислењето дека учеството на граѓаните не може да донесе вистинска промена дополнително го намалуваат интересот за учество. Подоцнежните политички и економски промени, како и пандемијата на Ковид-19, економската и енергетската криза, дополнително влијаеја врз функционирањето на институциите и врз социоекономскиот и политичкиот живот во РСМ.

Табела 1 – Карактеристики На Процедурална Наспроти Делиберативна Демократија; Извор: de Rosa, Tony (2009) - Deliberative democracy at local level - organising deliberative process at local level (phD thesis). University of Ricmond. на https://scholarship.richmond.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=2278&context=honors-theses

Демократија	*Делиберативна демократија*
Граѓаните бираат преку избори	Граѓаните активно учествуваат во дискусии и расправи
Одлуките се носат според волјата на мнозинството	Одлуките се носат по аргументирана дебата и постигнат консензус
Фокусот е на изборниот процес	Фокусот е на дебати, размена на мислења и аргументи
Брзо донесување одлуки преку гласање	Побавен процес бидејќи се бара темелна расправа
Легитимноста произлегува од мнозинството	Легитимноста произлегува од инклузивна дискусија

Практиката на централизирано одлучување, доминацијата на политичките партии и нивното влијание врз локалната власт, економската несигурност, како и конфликтите поврзани со партиската и етничката припадност, се дел од факторите кои доведуваат до ниско ниво на граѓанско учество. Анализите покажуваат дека локалните власти почесто се насочени кон информирање на граѓаните, отколку кон нивно вистинско вклучување во процесот на донесување одлуки. Поради тоа, граѓаните ја оцениле работата на локалната власт со 3.2 (од 1 – најниска оценка до 5 – највисока оценка), додека задоволството од локалната демократија, транспарентноста и отчетноста се оценети со 2.81 (РЕАКТОР, 2016).

Од друга страна, граѓаните покажуваат интерес за поголемо учество во донесувањето одлуки на локално ниво, но сметаат дека нивната можност да влијаат врз одлуките е мала:

- Во **2012 година**, 73% од граѓаните сметале дека "не можат да влијаат врз донесувањето одлуки", додека 70% "сакале да бидат повеќе вклучени". Во **2013 година**, 77% "не верувале дека можат да влијаат", а 60% "сакале да учествуваат во процесот"..

Во **2014 година**, 75% сметале дека "немаат влијание", додека 71% "сакале да учествуваат во креирањето на јавните политики". Во **2015 година**, повторно 77% "не верувале дека можат да придонесат во креирањето на јавните политики", а 71% "биле подготвени да учествуваат во решавањето на локалните проблеми". Во **2016 година**, 77% "сè уште не верувале дека можат да влијаат врз носењето политики" , додека желбата за поголемо учество била 69%. Од оваа статистика јасно се гледа дека граѓанското учество во РСМ с è уште се соочува со бројни политички, институционални и општествени предизвици. Иако постои силна желба за поголема вклученост во решавањето на локалните прашања, голем дел од граѓаните сметаат дека нивното мислење нема вистинско влијание врз јавните политики. Затоа, за зајакнување на локалната демократија потребно е институциите да создадат повеќе можности за активно учество, да ја зголемат транспарентноста и да ја зајакнат довербата на граѓаните.

- Граѓаните кои учествувале во некоја граѓанска активност или во процес на донесување одлуки на локално ниво најчесто учествувале пре**ку собири на**

граѓани (60%), граѓански иницијативи (35%), јавни расправи (32%), отворени денови со градоначалникот (27%), анкети на јавното мислење (26%), форуми на заедниците (18%), состаноци на советот (13%) и референдуми (10%).

- За разлика од **2021 година**, кога околу **22%** од предложените предлози и иницијативи биле прифатени, во **2022 година** овој процент се зголемил на **34%**. Во исто време, се зголемил бројот на иницијативи кои биле во процедура или на чекање, додека се намалил бројот на одбиени предлози. Најголем дел од иницијативите се однесувале на **комунални проблеми (36%), заштита и унапредување на животната средина (25%), урбанизам и инфраструктура (20%), образование (12%) и социјална политика и вработување (3,3%)**.

- На прашањето зошто граѓаните не учествуваат во граѓански иницијативи, како најчест одговор се наведува недостатокот на слободно време или присуството на други обврски кои не им дозволуваат да се вклучат во активностите. Овој одговор го дале **46% од испитаниците во 2012 година, 35% во 2013 и 2014 година и 32% во 2015 и 2016 година**. Следните одговори кои ги дале испитаниците се: **„никој не ме повикал“**, **„не сум бил информиран“** и **„не знам каде да се обратам“**. Овие одговори ги дале **19% од испитаниците во 2012 година, 32% во 2013 година, 23% во 2014 и 2015 година и 22% во 2016 година**. Следниот одговор е дека **„луѓето не се организираат“**, што го навеле **10% од испитаниците во 2012 година, 16% во 2013 година, 20% во 2014 година, 14% во 2015 година и 19% во 2016 година**. Како следна причина се наведува одговорот **„немам доверба во ефикасноста и искреноста на иницијативите“**, кој го дале **8% од испитаниците во 2012 година, 3% во 2013 година, 2% во 2014 година, 6% во 2015 година и 3% во 2016 година**.

- Другите одговори сочинуваат **17% во 2012 година, 14% во 2013 година, 19% во 2014 година, 24% во 2015 година и 22% во 2016 година**.

Граѓаните во РСМ покажуваат континуирано висока желба за учество во креирањето на јавните политики, но истовремено преовладува убедувањето дека немаат реално влијание врз донесувањето одлуки. Најчести форми на локално учество се собирите на граѓани, граѓанските иницијативи и јавните расправи, при што во 2022 година е забележано зголемување на прифатените иницијативи од 22% на 34%, особено во областите на комуналните проблеми, животната средина и инфраструктурата. Сепак, учеството го ограничуваат пред сè недостатокот на време, недоволната информираност и слабата организираност, што укажува на потреба од посилни институционални механизми, поголема транспарентност и градење доверба за поефикасно граѓанско учество.

ФОРМИ НА ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

Во демократската практика постојат две форми на граѓанско учество и тоа **директно** и **индиректно делување** (Ali, Waris и Azad, 2021). Директното учество на граѓаните овозможува граѓанството директно и непосредно да делува во носењето одлуки преку **партиципација во планирање, средби преку комисии, учество на избори, учество на јавни средби и партиципација во буџетирањето**. Од друга страна, индиректното учество опфаќа форми на граѓанско дејствување преку **жалби, повратни информации и информирање на граѓаните**.

Достапните статистичките податоци поврзани со формите на граѓанско учество покажуваат дека директното учество е застапено со околу **63.3%**, а **35%** од вкупното учество отпаѓа на формите на

индиректно учество. Само **1.7%** од испитаниците не зеле учество во испитувањето.

Во однос на директните форми на граѓанско учество се среќаваат неколку модалитети и тоа (Косма и Јованова, 2016):

- Граѓанско учество со назначување на граѓаните во комисии и комитети застапено со **8.3%**;
- Граѓанско учество во процесот на изготвување на буџетот - во **21.7%** од случаите;
- Граѓанско учество во носење одлуки преку развојно проекти - **18.3%** од вкупниот број случаи;
- Партиципација во процесот на планирање - **10%**;
- Учество на локални избори преку кандидирање - **1.7%** ;
- Учество во јавни средби - **3.3%**.

Од податоците мТоже да се заклучи дека граѓаните најмногу учествуваат во процесите поврзани со буџетирањето и развојните проекти, додека најмалку се застапени во процесот на кандидирање на локалните избори. Ова покажува дека, иако постојат различни можности за директно учество, нивната застапеност кај граѓаните не е еднаква ниту рамномерна.

ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

Засегнатите страни во процесите кои се стремат да ја подобрат делиберативната демократија на локално ниво се градоначалникот, граѓаните, општинската администрација, советот на општината и локалните невладини организации (цивилно општество).

Градоначалник – носител на извршната функција во општината. Неговото работење е директно поврзано со донесувањето на одлуките, управувањето со јавните работи, застапувањето на интересите на граѓаните и функционирање на општината. Ваквата негова положба е законски уредена, тој е избран од страна на граѓаните по пат на директни и непосредни избори, односно тој е нивен легитимен претставник.

Граѓани – носители на демократски одлуки кои преку своето учество активно може да влијаат врз донесување на одлуки, функционирање на локалната власт, јавни расправи, граѓански иницијативи и слично. Нивното учество е клучен предуслов за развој на демократско и одговорно локално општество.

Општинска Администрација – вработени кои обезбедуваат услуги на граѓаните, ги спроведуваат одлуките на општината и помагаат во решавањето на локални проблеми.

Совет – носи одлуки и предлага мерки важни за развојот и функционирањето на општината, одлучува за важни прашања како од типот донесување на буџетот, донесува одлука за основа на општински претпријатија и ги претставуваат интересите на граѓаните за подобро функционирање на општината.

Невладини организации – посредници помеѓу граѓаните и локалната власт. Ги застапуваат интересите на различни општествени групи, ги поттикнуваат граѓаните на активно учество во јавниот живот и придонесуваат за решавање на локалните проблеми. Дејствуваат преку организирање на јавни дебати, едукативни активности, волонтерски акции и граѓански иницијативи. Истовремено вршат надзор над работата на локалните институции и се залагаат за поголема транспарентност, отчетност и почитување на правата на граѓаните.

ПРЕДЛОЖЕНИ МОДАЛИТЕТИ НА ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛИБЕРАТИВНАТА ДЕМОКРАТИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО

Е-регистар за информирање, поплаки, жалби и мислења

Со цел овозможување полесен и поедноставен пристап и приближување на граѓаните кон процесот на донесување одлуки, како и нивно консултирање во врска со предлог-одлука која се уште не е донесена, како модалитет на граѓанско учество се предлага **Е-регистарот**. Ваквиот регистар, пред се, ќе придонесе за зајакнување на довербата во локалните органи, но и поголема прегледност и индиректна контрола на работата на општинските институции и органи.

Е-регистарот би бил создаден како дигитална on-line платформа достапна за граѓаните во веб и во апликациска верзија. Во него може да се внесуваат поплаки, пофалби, мислења и жалби по однос на одредени предлози и решенија, како и оценување на работата на секоја институција поединечно и локалните функционери. Раководството е обврзано да ги разгледа претсавките од рок од 30 дена, по што граѓанинот којшто ја поднел претставката добива информации за нејзиниот статус (одбиена / прифатена) во on-line форма (или во писмена доколку тоа го бара граѓанинот). Граѓанинот кој креира профил врз основа на своите лични податоци (ЕМБГ, адреса на живеење) и e-mail адреса при што платформата го пренасочува во одделот за општината во која живее (со тоа се избегнува учеството во функционирањето на друга општина и злоупотреба на платформата. Платформата содржински би се состоела:

- Форма за внесување на проблемот или предлогот;
- Можност за прикачување фотографии и видео документи;
- Број на предмет преку кој граѓанинот го следи статусот на претставката (фазата до која е).

Е-регистарот во прв ред може да се применува на локално ниво, но и на национално, односно во општините, за проблеми поврзани со локални услуги од локален карактер (улици, инфраструктура итн.).

Е-регистарот би можел да се користи за поднесување поплаки и предлози до јавните институции во рамки на нивната надлежност, како и за подобрување на квалитетот на јавните услуги. Слични платформи веќе постојат во повеќе земји. Во **Обединетото Кралство**, платформата **FixMyStreet UK** е насочена кон пријавување проблеми поврзани со урбанизмот, како што се состојбата на патиштата, уличното осветлување, графитите и дивите депонии. Во **Соединетите Американски Држави**, платформата **NYC 311** се користи за пријавување прашања поврзани со јавниот ред и мир, како што се бучава, безбедност и проблеми со паркирањето. Во **Јужна Кореја** пак, платформата **e-People** претставува една од најразвиените платформи од овој тип и овозможува поднесување жалби и претставки до јавните институции.



Граѓанско собрание на локално ниво (Citizens' Assembly)

Граѓанското собрание претставува една од најразвиените форми на делиберативна демократија, чија цел е директно вклучување на граѓаните во креирањето на јавните политики. Делиберативните процеси како граѓанско собрание започнуваат, односно се формираат со давање мандат од политичкиот авторитет на локално ниво. Граѓанските собранија добиваат мандат од страна на градоначалникот или советот на општината. При формирање на граѓанско собрание потребно е обезбедување на финансиски средства и организациска структура. Во граѓанското собрание потребно е дефинирање на јасен проблем или прашање во врска со кое граѓаните ќе бидат поканети да дадат своја препорака, мислење или предлог решение). Самите прашања во граѓанските собранија треба да бидат кратки, составени од помал број реченици, да се избегнува комплексноста, за граѓаните од собранието да можат да понудат разумни решенија.

Собранието најчесто се состои од претставници на администрацијата, експерти за делиберативни процеси, оперативни лица за организација на терен и независни учесници кои работат со и за граѓаните. На највисоката позиција се наоѓа комисионерот, после тоа проектниот тим заедно со тимот за координација и надзорниот тим, во последниот ред на хиерархијата се наоѓаат фасилитаторите (лица кои го олеснуваат процесот на дискусија без влијание на одлуките), содржински тим и комуникациски тим. Методот на селекција на членовите на граѓанското собрание, има за цел да обезбеди разновидност и репрезентативност, при што се води сметка за различните возрасти, пол, образование и социјални и етнички групи. На тој начин се избегнува доминацијата на политички или економски елити и се овозможува сите граѓани да имаат еднаков глас во процесот на одлучување.

Изборот на членови на граѓанското собрание може да биде извршен на повеќе начини. Еден од најзастапените методи е **стратификуваниот случаен избор** - метод на избор на примерок при кој населението се дели на одделни групи, а потоа од секоја група по случаен избор се избираат испитаници.

Се спроведува на начин по кој се прави листа на населението од локалната единица, по што се извлекува случаен избор (пр. со помош на софтвер), и се избира балансиран состав (возраст, пол, образование, припадност на населби итн.). Со ваквиот метод на избор се обезбедува поголема правичност, еднаквост како и поголема доверба во собранието и поголема репрезентативност.

По изборот, членовите на собранието поминуваат низ процес на информирање и едуцирање, организиран и финансиран од единицата за локална самоуправа, каде стручни експерти и релевантни институции им ги презентираат конкретните податоци, анализи и секој вид на информации карактеристичен и поврзан со проблем, прашање или конкретна тема по која заседава собранието (пр. буџет, урбанистичко и просторно планирање, законска регулатива итн.).


Следната фаза е фазата на дискусија каде што членовите разменуваат различни мислења, дебатираат и се обидуваат да најдат решенија за конкретниот проблем.

Исходот од функционирањето на граѓанското собрание се препораки или предлози усвоени од собранието но без правно - задолжителна сила и обврзувачки карактер. Сепак, тежината на одлуката донесена од собранието има огромно

политичко значење пред се поради фактот што во собранието учествуваат самите граѓаните (жители на општините). Властите треба да дадат задолжителен одговор дали и како ќе ги имплементираат мерките или зошто истите ги одбиваат.

Граѓанските собранија се застапени во повеќе земји низ светот, како што се: **Citizens' Convention on Climate** во Париз, кое се занимава со климатски политики; **Citizens' Assembly** во Ирска; **People`s Panel** во Мелбурн, кое се занимава со прашања околу буџетот итн.

Е-регистар за информирање, поплаки, жалби и мислења



AI-асистентот претставува дигитален чет-бот интегриран на официјалната веб страница или мобилна апликација на општината, чија цел е да го олесни граѓанското учество преку брз и разбирлив пристап до информации и комуникација со институциите. Главна функција е објаснување на одлуки и политики (зошто е донесена одредена одлука, кои институции учествувале во процесот, кои се очекуваните ефекти), транспарентност на буџет (преглед на општински приходи и расходи и визуелизација на трошењето), информации за тековни проекти (статус на изградба, рокови, изведувачи и мапа на проекти на градот) итн.

Негови најголеми предности се достапноста и брзиот пристап до информации, поедноставено учество на граѓаните кои не се политички активни, како и зголемена доверба во општината. Најсоодветни и најуспешни примери за ефикасна примена на ваквата мерка се: Естонија, Финска, Шпанија, Франција, САД.

Дополнително, AI-асистентот би можел да има значајна практична функција преку помош на граѓаните при составување и поднесување административни документи. Голем број граѓани се соочуваат со потешкотии при комуникацијата со институциите поради непознавање на административните процедури, формата на документите и потребната документација. Поради тоа, асистентот би им овозможил на граѓаните со едноставен и секојдневен јазик да го објаснат својот проблем или потреба, а системот би можел да препознае за каква постапка станува збор и да ги насочи кон соодветното решение.


На пример, граѓанин кој сака да реагира поради недостиг на улично осветлување не би морал самостојно да бара соодветен образец или да знае како формално се составува барањето. Преку разговор со AI-асистентот, тој би дал основни информации за проблемот, локацијата и околностите, по што системот би можел да подготви формално барање до надлежната општинска служба. На ист начин би можела да се обезбеди помош и при составување на молби, жалби, приговори, претставки, граѓански иницијативи, барања за пристап до информации од јавен карактер, како и други документи поврзани со услугите и надлежностите на општината.

Особена придобивка би претставувала можноста асистентот да изврши проверка на документот пред неговото поднесување, односно да укаже дали недостигаат лични податоци, прилози или други потребни информации. На тој начин би се намалил бројот на нецелосни

барања и потребата граѓанинот повеќепати да ја посетува општината за да ја коригира документацијата.

Доколку постои соодветна електронска инфраструктура, оваа функција би можела да биде поврзана и со системот за електронско поднесување. Така, процесот би се одвивал од креирање на документот, преку негово поднесување до надлежната институција, па сè до добивање број на предмет и следење на статусот на постапката. Граѓанинот би можел во секој момент да добие информација дали неговото барање е примено, во која служба се наоѓа и дали е донесена одлука.

Со тоа, AI-асистентот би надминал само информативна функција и би се трансформирал во дигитален посредник меѓу граѓанинот и локалната самоуправа. Наместо технологијата да служи само за давање информации, таа би му помогнала на граѓанинот конкретно да го оствари своето право, да поднесе иницијатива или да побара одредена услуга. На овој начин би се намалиле административните бариери и би се создала поедноставна, поефикасна и подостапна комуникација меѓу граѓаните и институциите.



ЗАКЛУЧОК

Доброто управување на локално ниво не може да се разгледува одвоено од степенот на вклученост на граѓаните во процесите на донесување одлуки. Анализата покажува дека во РСМ постои нормативна основа за различни форми на граѓанско учество, почнувајќи од граѓанската иницијатива, собирот на граѓани и референдумот, до јавните трибини, анкетите, предлозите и другите форми на директно и индиректно учество. Сепак, самото постоење на овие механизми не е доволно за да се обезбеди нивна ефикасна примена и реално влијание врз локалните политики. Податоците укажуваат на значителен јаз меѓу интересот на граѓаните за учество и нивната перцепција дека преку тоа учество можат навистина да влијаат врз одлуките. Особено значаен е податокот дека голем

дел од граѓаните изразуваат желба да бидат вклучени во процесите на одлучување, но истовремено не веруваат дека нивното мислење има суштинско влијание врз конечните одлуки. Оттука предизвикот не е само во создавањето формални можности за учество, туку и во градење институционална средина во која граѓаните ќе имаат мотив да учествуваат и ќе можат да го согледаат резултатот од своето учество.

Во овој контекст, делиберативната демократија има особено значење. За разлика од моделот во кој граѓанинот претежно се појавува како избирач, делиберативниот пристап го поставува во поактивна улога, преку дискусија, размена на аргументи и заедничко разгледување на прашањата од јавен интерес. Граѓанските собранија се еден од примерите преку кои ваквиот пристап може да се примени на локално ниво, особено доколку при нивното формирање се обезбедат разновидност, репрезентативност и еднаква можност за учество. На тој начин, легитимноста на одлуките не се темели единствено на бројот на гласови, туку и на квалитетот и инклузивноста на процесот во кој тие одлуки се донесуваат. Истовремено, зајакнувањето на граѓанското учество бара активна улога и од локалните институции. Градоначалникот, Советот и општинската администрација имаат обврска да создадат услови за навремено информирање, консултирање и вклучување на граѓаните, додека невладините организации можат да придонесат преку посредување, едукација и поттикнување на граѓанскиот ангажман. Особено значајна е транспарентноста во постапувањето по граѓанските предлози и иницијативи, бидејќи без повратна информација може да се создаде впечаток дека учеството е само формално и дека при донесувањето на конечните одлуки не се земаат предвид ставовите на граѓаните. Во таа насока, воведувањето дигитални механизми, како предложениот Е-регистар за информирање, поплаки, жалби и мислења, може да претставува практичен чекор кон полесна комуникација меѓу граѓаните и локалните институции. Ваквите алатки, како на пример AI- асистентот за локални политики, не треба да ги заменат непосредните форми на учество, туку да ги надополнат и да овозможат поголема достапност и транспарентност во постапувањето по барањата и предлозите на граѓаните.

На крајот, подобрувањето на граѓанското учество на локално ниво треба да се разбере како процес што бара истовремени институционални и општествени промени. Потребни се поотворени локални институции, поголема транспарентност и отчетност, но и граѓани кои се информирани, мотивирани и подготвени активно да се вклучат во прашањата од значење за нивната заедница. Само преку поврзување на овие елементи може да се надмине разликата меѓу формално загарантираното и реално остварениото граѓанско учество и да се создаде локално управување во кое граѓаните не се само корисници на јавните услуги, туку активни чинители во креирањето на локалните политики и решенија.



КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Ali, K., Waris, M. A. and Azad, M. (2021). Forms of Citizen Participation in Local Government: A Systematic Literature Review. Asian Social Studies and Applied Research, 2(4), 71–83.
2. Kapidžić, D., Lazarević, A. and Milović, N. (2025). Organising a Deliberative Process at the Local Level: E-learning Course. NALAS and Congress of Local and Regional Authorities of the Council of Europe. на https://www.nalas.eu/e-learning-course-organising-a-deliberative-process-at-the-local-level/ (пристапено на: 23 август 2026).
3. РЕАКТОР – Истражување во Акција (2016). Граѓанско учество во Македонија (2012-2016). достапно на: www.graganskoucestvo.mk (пристапено на: 23 август 2026).
4. de Rosa, Tony (2009). Deliberative democracy at local level - organising deliberative process at local level (PhD thesis). University of Ricmond. на https://scholarship.richmond.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=2278&context=honors-theses (пристапено на: 23 август 2026).
5. Закон за локалната самоуправа. (2002). „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 5/2002. Законот е објавен на 29.01.2002 година.
6. Изборен законик. (2025). Редакциски пречистен текст. „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 40/06 и последователни измени и дополнувања, вклучително и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/25.
7. Косма, Ј. и Јованова, К. (2016). Учество на граѓани во носење на одлуки на локално ниво. Скопје: Мисија на ОБСЕ во Скопје. на https://skopje.osce.org/sites/default/files/f/documents/7/8/231356.pdf (пристапено на: 23 август 2026).
8. Нухиу, Б. и Џеладини, Р. (2019). Добро управување за добра животна околина: граѓанско учество на локално ниво. Тетово.



progres.org.mk